**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот: Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води**

**Усогласеност со Програмата на Владата: Да**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: Да**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот: На првата наредна седница**

**Доверливост на материјалот: Не**

**Итност на материјалот:**

**Прилог: Предлог на закон**

**Дата на доставување на материјалот:**

.2010 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

**Република Македонија**

**Министерство за транспорт и врски**

**Предлог**
**Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води**

**ПОТПИС:** ______________________________

Скопје, .2010 година

**1.Осврт по материјалот:** Со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води пропишани се условите и начинот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води преку водоснабдителниот и канализационен систем ,изградбата, одржувањето, заштитата и приклучувањето на овие системи и односите меѓу давателот и корисникот на услугата. Со одредбите од законот за правните и физичките лица кои не се предржуваат на одредбите од законот се пропишани прекршочни санкции.

Меѓутоа, имајќи ги во предвид анти кризните мерки усвоени од страна на Владата на Република Македонија се наложи потреба од измена и дополнување на одделни одредби од законот кои се однесуваат пред се на прекршочните одредби.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):Со одредбите од Предлогот на законот се регулира прашањето на едукација на субјектите кои не се придржуваат на одредбите од законот . Ваквото решение предвидено со измените на законот пред се има за цел да делува превентивно на субјектите кои не постапуваат или постапуваат спротивно на одредбите од законот. Со Предлогот на законот предложени се измени и дополнувања на оодделни членови заради нивно попрецизно и појасно дефинирање а кои ќе допринесат за нивна посоодветна и целосна реализација. Исто така со предложените измени и дополнувања се врши доусогласување на одредбите од законот со одредбите од Законот за прекршоците.**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предлогот на законот беше доставен на мислење на: Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за животна средина и простсрно планирање,Министерството за здравство. Државниот комунален инспекторат и Заедницата на единиците на локална самоуправа,

Предлозите и забелешките дадени во мислењата на оделни органи воглавно се прифатени и вградени во одредбите од предлогот од законот.

Мислење не е доставено од Министерството за правда и Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за локална самоуправа..

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

**Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за снабдување со вода за пиење и оведување на урбани отпадни води и истит го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.**

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат: Нема**

**6. Очекувани влијанија:**

**Предложените измени и дополнувања на законот ќе допринесат поефикасна примена на законот.**

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство): нема**

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот: ДА**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста: Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.**

**Република Македонија**

**Министерство за транспорт и врски**

**Предлог**
**Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води**

Скопје, .2010 година

# ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојуваwe на законот | 4. Вид на предлогот:<br>закон |
| 5. Контакт лице и звање:Злата Дукоска,пом.раководител на сектор | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-411 |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |
| 9. Цел на барањето/предложена активност: | | | | | | |
| 10. Врска со Владината програма: | | | | | | |

| 11. Фискални импликации | (Во МКД)<br>2007 | 2008 | 2008 | 2010 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | | | | |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:________________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | .2010 | Потпис на Министер | .2010 |

## В О В Е Д

### I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на снабдување со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води регулирани се со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (,,Службен весник на РМ.бр.68/04, 28/06 и 103/08).

Меѓутоа, како резултат на усвоените антикризни мерки на Владата на Република Македонија заради подобрување на бизнис климата се налага потреба од одредени измени и дополнувања на одделни одредби од законот . Исто така во текот на примената на законот утврдени се одредени недоречености во главата со која се регулираат прекршочните одредби поради што се налага потреба од нивно допрецизирање и доусогласување со Законот за прекршоците.

### II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на изменувањата и дополнувањата на законот е преку вршење на инспекциски надзор на субјектите кој кои се утврдени одредени неправилности да се делува превентивно.За таа цел во Предлогот од законот предвидена е одредба со која се регулира начинот и постапката на едукација на субјектите кај кои при вршење на инспекцискиот надзор се утврдени постапувања и неправилности кои се спротивни на одредбите од законот.

Со измените и дополнувањата извршени во одделни членови одредени прашања кои се регулираат со законот попрецизно се дефинираат што ќе допринесе за нивна полесна и целосна реализација.

Со предложените измени и дополнувања се врши целосно усогласување на прекршочните одредби од законот со одредбите од Законот за прекршоците .

Во таа смисла со членот 8 од предлогот на законот точно се определени прекршоците за кои постапката се води пред надлежен суд а за кои пред комисија за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

**III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Одедбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

**IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ**

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјекти.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предложените измени и дополнувања на одделни одредби од закононот имаат за цел појасно и попрецизно дефинирање на одредени прашања кои се регулираат со овој закон со што ќе се овозможи нивна доследна примена. Во таа смисла со членот 1 од предлогот се дефинира што претставува регионален водоснабдителен систем. Со членот 2 од измените и дополнувањата предвидено е давателот и корисникот на услугата да склучат договор со кој ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски во однос на снабдувањето со вода за пиење,

Со предложените измени и дополнувања пропишана е одредба со која е предвидено инспекторите при вршење на инспекцискиот надзор на спроведувањето на одредбите од законот за утврдените неправилности покрај решението за отстранување на неправилностите се должни на субјектите да им врачат и покана за спроведување на постапка за едукација.Ваквото решение предложено со измените од Предлогот на законот има за цел преку вршење на инспекцискиот надзор превентивно да се делува на субјктите кај кои се утврдени одредени неправилности поради нивно постапување или непостапување согласно одредбите пропишани со законот.

Во главата Прекршочни одредби заради потребата од доусогласување со одредбите од Законот за прекршоците пропишана е одредба со која се регулира постапката на порамнување. Согласно оваа одредба за констатираните прекршоци пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд односно пред комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски ,потребно е да се спроведе постапка за порамнување. Исто така тоно се определени одредбите за кои прекршочната постапка се води пред надлежен суд ,а за кои пред комисија за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи нивна целосна примена.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи превентивно делување на субјрктите за доследна и правилна примена на одредбите од законот преку спроведување на постапката за едукација како и поефикасно спроведување на постапката за прекршоци пред судот односно пред прекршочниот орган

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА
ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ
СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ**

Член 1

Во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води("Службен весник на Република Македонија" бр.68/04,28/06 и 103/08) во членот 2 по точката 5) се додава нова точка 5а) која гласи:

''5а)''регионален водоснабдителен систем ,, е збир на хидраулични објекти за снабдување на вода за пиење на две или повеќе општини;"

Член 2

Во членот 5 по став (1) се додава нов став(2) кој класи:

" (2) За вршење на дејностите од став (1) од овој член давателот на услугата и корисникот на услугата склучуваат договор со кој се уредуваат меѓусобните права и обврски."

Член 3

Во членот 23 пред алинеја прва се додава нова алинеја која гласи:

"- неовластено стопанисување со водоснабдителен и канализационен систем од страна на физички и правни лица;

Во втората алинеја која станува трета, на крајот точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите ,, и без склучен договор од член 5 став (2) од овој закон. "

Член 4

Во членот 37 во ставот (2) по последната алинеја се додава нова алинеја која гласи:

,, - испушта отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосверската канализација ,односно испушта атмосверски води во канализациониот систем за отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води."

Член 5

Во членот 39 во став (1) по зборот ," средина" , зборовите " и инспекторите на општините и градот Скопје " и предпоследната алинеја се бришат.

Член 6

По член 41 се додаваат два нови члена "41-а и 41-б " кои гласат:

,,Член 41-а

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите при Државниот комунален инспекторат,овластените комунални инспектори на општината и овластените комунални инспектори на град Скопје утврдат дека е сторена неправилност од членовите 12 став(1),15 , 22 став(1) и (2) , 28 став(1), 29 (1) и 30 став (1) и (3) од овој закон, должни се да состават записник во кој ќе ги утврдат сторените неправилности со укажување за отстранување на истите во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот кај кој е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација како и начинот на спроведувањето на едукацијата ја пропишва министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласа на комуналните работи.

Инспекторите од став (1) на овој член едукацијата ја организираат и спроведуваат, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за поваќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повече субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ,ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата се јви на закажаната едукација и истата ја завтши ,ќе се смета дека се едуцирани по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторите од став (1) од овој член при спроведувањето на контролниот надзор утврдат дека не се отстранети утврдените неправилности од
став (1) на овој член ,поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд односно пред комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Инспекторите од став (1) на овој член за спроведената едукација водат евиденција на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од обласа на комуналните работи.

Член 41-б

Државнот комунален инспекторат,Државниот инспекторат за животна средина,Државниот санитарен и здравствен инспекторат, инспекторите при Дирекцијата за храна, овластениот комунален инспектор на општините и овластениот

комунален инспектор на градот Скопје за извршените инспекциски контроли изготвуваат квартални извештаи.

Извештаите од став (1) на овој член Државниот комунален инспекторат ги објавува на ВЕБ страницата на Министерството за транспорт и врски,Државниот инспекторат за животна средина на ВЕБ страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање,Државниот санитарен и здравствен инспекторат и инспекторите при Дирекцијата за храна на ВЕБ страницата на Министерството за здравство,овластениот комунален инспектор на општината на ВЕБ страната на општината а овластениот комунален инспектор на градот Скопје на ВЕБ страницата на градот Скопје.''

Член 7

Во член 44 во став (1) точката 1) се менува и глас:

"1) пред добивањето на одобрението за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект , не прибави потврда од давателот на услугата за постоење на водоводна и канализациона мрежа под објектот(член 12 став (1) ;"

По точката 4) се додава нова точка 4а) која гласи:

" 4а) неовластено стопанисува со водоснабдителен и канализационен систем(член 23 став(1) алинеја прва;"

По точката 15) се додава нова точка 15а која гласи:

"15а) не ја спои својата куќна канализација со уличната канализација (член 26 став (3);"

Член 8

Членот 44-а се менува и гласи:

,, 44-а

Прекршочната постапка за прекршоците од член 43 и 44 став (1) и(2) од овој закон ја води надлежниот суд, а постапката за прекршоците од член 44 став (3) од овој закон се води пред комисија за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од два члена и претседател.Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку две години,а претседателот е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку четири години.

Член 9

По член 44-а се додава нов член " 44-б "кој гласи:

" Член 44-б

За прекршоците од член 43 и 44 од овој закон, инспекторите од член 36 на овој закон пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежениот суд односно пред комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски ќе спроведат постапка за порамнување

Кога инспекторите од член 36 на овој закон ќе констатираат прекршок од став 1 на овој член составуваат запиник во кој се наведуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот ,описот на дејствието на прекршокот.Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот

ќе му издаде на сторителот платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот е согласен да ја плати предвидената глоба.

Сторителот на прекршокот од став 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во даденот рок ,ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во платниот налог.

Ако сторителот не ја плати глобата од став 1 на овој член во рокот определен во став 2 од овој член ,инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд односно пред комисијата за прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Инспекторите од член 36 на овој закон се должни да водат евиденција за прекршочните постапки за порамнување."

Член 10

Се овластува Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни отпадни води.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија''.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ**

**Член 5**

Давателот  на услугата врши :

-снабдување со вода за пиење со зафаќање ,обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот системдо главниот водомер на корисникот на услугата;

-одведување на урбани отпадни води во реципиентот,со нивно собирање од корисниците на услугата преку канализационата мрежа,пречистување и испуштање во реципиентот;

-одведување на атмосверските води во реципиентот со нивно прифаќање од урбаните површини,со одведување преку атмосверската канализациона мрежа и испуштање во реципиентот и

- управување и одржување на водоснабдителниот систем.

Член 23

(1) Заради заштита и спречување на оштетување на водоснабдителен и канализационен систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над водоводната или канализационата мрежа;

- приклучување на водоводната и канализационата мрежа без одобрение за приклучување;

- поврзување на водоводната мрежа на корисникот на услугата кој  користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок;

- беспрaвно користење на вода пред водомер;

-испуштање на цврсти материи:песок,земја,цемент,вар, камења,дрва,пепел,трска,метал,стакло,пластични материи,катрани други слични материи со поголем вискозитет во канализациониот системи;

- испуштање на урбани отпадни води ,чија концетрација на сулфурниот јод е поголема од 400мг/л како и урбани отпадни води од септички јами и отпад во канализациониот системи;

- испуштање на отпадни материи и вода кои ги оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем;

- испуштање на нафта и нфтени деривати,како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем;
- приклучување на водоснабдителен и канализационен систем на објектите кои немаат одобрение за градење;
- испуштање на отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосверската канализација,односно испуштање на атмосверскиводи во канализационит систем за отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води;
- испуштање на индустриски отпадни води во канализационен без претходно извршено потребно пречистување и
- самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водоводни арматури без согласност на давателот на услугата.

Член 37

Овластениот комунален инспектор на општините и овластениот комунален индпектор на градот Скопје при вршењето на инспекцискиот надзор утврдуваат дали давателот на услугата:
- на корисниците на услугата им обезбедува трајно и непрекинато снабдувањесо со здравствено исправна и чиста вода за пиењепреку изградениот водоснабдителен систем;
- обезбедува притисок во мрежата на водоснабдителнио систем;
- обезбедува трајно и непрекинато одведување на урбани отпадни води преку изградениот канализационен систем;
- прибавил одобрение за раскопување на улица,коловоз,јавна или зелена површина од надлежен орган;
- по отстранување на дефектот на водоснабдителниот и канализациониот систем ја доведе во првобитна состојба улицата,коловозот ,јавната или зелената површина;
- обезбедува целосна документација заради вспоставување на подземен катастар за водоснабителната и канализационата мрежа;
- врши одржување на водоснабдителниот и канализациониот систем;
- врши изградба на објекти од водоснабдителен и канализационен систем без одобрение за градење и
-приклучува објекти со водоснабдителен и канализационен систем, кои немаат одобрение за градење.

- Овластениот комунален инспектор на општините и овластениот комунален инспектор на градот Скопје ,за подрачјето на градот Скопје при вршењето на инспекцискиот надзор утврдуваат дали корисникот на уцжслугата:

- прибавил потврда од давателот на услугата за постоење на водоводна и канализациона мрежа под објектот пред добивање на одобрение за градење на објектот или доградба на постоен објект;
- прибавил потврда од давателот на услугата за постоење на техничка можност за приклучување на водоводната и канализационата мрежа;
- има поставено посебен водомер;
- во определен рок утврден со закон не го поправи или не постави исправен водомер;
- не дозволи на давателот на услугата непречено отстранување на дефект на водовона мрежа ;
- не го извести давателот на услугата за оштетувањата на канализационата мрежа;
- се приклучи на водоводна и канализациона мреж без одобрение за приклучување;
- кој користи вода од индивидуални извори и ја поврзал со водата од водоводниот приклучок;
- бесправно користи вода пред водомер;
- самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водомерни арматури,
- не дзволи премин заради вршење премер,снимање,проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на објекти на водовод и канализација и
- не овозможува непречен пристап заради чистење на водомерот и одржување на водоводниот приклучок.

Член 39

Државниот инспекторат за животна средина и инспекторите на општините и градот Скопје при вршењето на инспекцискиот надзор утврдува дали корисникот на услугата:

- испушта цврсти материи во канализациониот систем од индустриски капацитети;
- испушта урбани отпадни води ,чија концентрација на сулфурниот јон е поголема од 400 мѓ/л ,како и урбани отпадни води од комунални септички јами и отпад во комуналниот систем;

- испушта отпадни материи и води кои ги оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем;

- испушта нафта и нафтени деривати,како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем:

- испушта отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосверската канализација , односно испушта атморсверски води во канализациониот систем за отпадни води за домаќинства и индустриски отпадни води и

- испушта индустриски отпадни води во канализациониот систем без претходно пречистување согласно интегрална дозвола која се дава согласно закон.

Член 44

(1) Глоба во износ од 1000 до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице корисник на услугата ако:

1) не прибави потврда од давателот на услугата (12 став (1);

2) не дозволи на давателот на услугата непречено отсранување на дефект на водоводната мрежа (член 15 став (1);

3) не го извести давателот на услугата за оштетувањата во канализационата мрежа (член 18);

4) не дозволи премин заради вршење, премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на објекти од водоснабдителен и канализационен систем (22);

5) изгради станбени и други објекти над водоводна и канализациона мрежа (член 23 став (1) алинеја 1);

6) изврши приклучување на водоводна или канализацона мрежа без одобрение за приклучување (член 23 став (1) алинеја 2);

7) изврши приклучување на водоводна мрежа на корисникот на услугата кој користи вода од индустртски извори со водата од водоводнот приклучок ( член 23 став (1) алинеја 3);

8) бесправно користи вода пред водомер ( член 23 став (1) алинеја 4);

9) испушта цврсти матрии во канализациониот систем(член23став(1)алинеја 5);

10) испушта урбани отпадни води ,како и урбани отпадни води од септички јами и одпад во канализациониот систем (член 23 став (1) алинеја 6);

11) испушта отпадни материи и води кои со своето агресивно дејство ги оштетува ѕидовите на канализациониот систем (член 23 став (1) алинеја 7);

12) испушта нафта и нафтени деривати ,како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем (член 23 став (1) алинеја 8);

13) испушта отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосверската канализација , односно испушта атмосверски води во канализациониот систем за отпадни води од домачинства и индустриски отпадни води (член 23 став(1) алинеја 10);

14) испушта индустриски отпадни води во канализационен систем без претходно извршено потребно пречистување (член23став(1) алинеја 11);

15) самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водомерни арматури( член 23 став(1) алинеја 12);

16) нема посебен водомер (член 28);

17) не овозможи непречен пристап заради чистење на водомерот и одржување на водоводниот приклучок ,како и за контрола за исправноста на хидрофорските постројки и други уреди ( член 29) и

!8) не го извести во рок од три дена давателот на услугата дека водомерт е неисправен,закочен или стопен (член 30 став (1)).

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ,ќе му се изрече за прекршок од став (1) од овој член и на одговорното лице во правното лице корисник на услугата.

Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од став (1) на овој член на физичко лице корисник на услугата.

Член 44-а

(1) Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежнот суд.

(2) Пред поднесување на барање за поведување на прекрчочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон надлежните инспектори утврдени со овој закон водат постапка за порамнување.

(3 Надлежните инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(4) Кога сторителот на прекршокот е сгласен за поведување на постапка за порамнување надлежниот инспектор составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот ,времето, местото и начинот на сторување на прекршокот ,описот на дејствието и лицата затекнати на самото место.

(5) Во записникот се утврдува начинот на кој че се отстранат штетните последици од прекршокот.

(6) Надлежните инспектори можат во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот да му дадат платен налог и доколку сторителот го прими платниот налог е должен истиот да го потпише ,а примањето на платниот налог од сторителот се забележува во записникот.

(7) Кога како сторител на прекршокот правно лице ,записникот и платниот налог го потпишува службено ,односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(8) Надлежните инспектори се должно да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.